# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 2, година XLVI**
**Среда, 18.02.2015**
Битола

e-mail:bitola@t-home.mk

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Решението за разрешување и именување на член во Комисијата за проценка на штети од елементарни и други непогоди

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување на член во Комисијата за проценка на штети од елементарни и други непогоди, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 16.02.2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-197/1 — ГРАДОНАЧАЛНИК
18.02.2015 год. — на Општината Битола,
Б и т о л а — д-р Владимир Талески

Врз основа на член 22 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 16.02.2015 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### за разрешување и именување на член во Комисијата за проценка на штети од елементарни и други непогоди

1. СЕ РАЗРЕШУВА лицето Цветан Јовановски, ВСС, лозаро-овоштар од член во Комисијата за проценка на штети од елементарни и други непогоди.

2. СЕ ИМЕНУВА лицето Лидија Трајкова, ВСС, инженер агроном, професор во Земјоделско училиште-Битола, како член во Комисијата за проценка на штети од елементарни и други непогоди.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-189/3 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
16.02.2015 г. — на Советот на Општината Битола
Б и т о л а — д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за доделување финансиска помош за настраданите од поплавите на подрачјето на Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за доделување финансиска помош за настраданите од поплавите на подрачјето на Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 16.02.2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-197/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.02.2015 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 16.02.2015 година, донесе

## О Д Л У К А
## за доделување финансиска помош за настраданите од поплавите на подрачјето на Општина Битола

### Член 1

Со оваа Одлука се доделува финансиска помош за настраданите од поплавите на подрачјето на Општина Битола во износ од 1.000.000 денари од Буџетот на Општината Битола.

### Член 2

Средствата да се префрлат на наменската сметка на Општина Битола 703014002978971 и приходно конто 725916 Програма 00 за елементарни непогоди-поплави.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-189/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
16.02.2015 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за определување на трошоци за вршење увид во настраданите подрачја во Општина Битола и надоместок за членовите на Комисијата за проценка на штети

1. Ја објавувам Одлуката за определување на трошоци за вршење увид во настраданите подрачја во Општина Битола и надоместок за членовите на Комисијата за проценка на штети, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 16.02.2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-197/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.02.2015 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 16.02.2015 година, донесе

## О Д Л У К А
## за определување на трошоци за вршење увид во настрадните подрачја во Општина Битола и надоместок за членовите на Комисијата за проценка на штети

### Член 1

Со оваа Одлука се определуваат трошоците за вршење на увид во настраданите подрачја во Општина Битола, како и надоместокот за членовите на Комисијата за проценка на штета.

**Член 2**

Во трошоците за вршење на увид во настраданите подрачја, спаѓа гориво за возилата кои ќе бидат користени на терен и тоа за секои поминати 100 km – 10 l гориво.

**Член 3**

Надоместокот на членовите на Комисијата за проценка на штети ќе изнесува 1000 денари по ден за лицата кои не се во работен однос, а за членовите кои се во работен однос ќе изнесува 500 денари.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-189/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
16.02.2015 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на одобрение за градење за изградба на железничка пруга Битола-Кременица од км 130+032 до км 146+024 со придружни објекти: железничка станица и објект за ССТТ во Жабени и стојалиште во Кравари без изместување на постојните инсталации без позајмишта и без депонии**

1. Ја објавувам Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на одобрение за градење за изградба на железничка пруга Битола-Кременица од км 130+032 до км 146+024 со придружни објекти: железничка станица и објект за ССТТ во Жабени и стојалиште во Кравари без изместување на постојните инсталации без позајмишта и без депонии, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 16.02.2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-197/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.02.2015 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 83 став 4 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр. 17/2011 и 163/2013), Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на уредување на висината за трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденоста („Службен весник на РМ“ бр. 93/11 и 115/2014), член 22 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 22 точка 26 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 16.02. 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на одобрение за градење за изградба на железничка пруга Битола-Кременица од км 130+032 до км 146+024 со придружни објекти: железничка станица и објект за ССТТ во Жабени и стојалиште во Кравари без изместување на постојните инсталации без позајмишта и без депонии**

**Член 1**

Со оваа Одлука се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште ЈП „Македонски Железници“ – инфраструктура Скопје, за добивање на одобрение за градење за изградба на железничка пруга Битола-Кременица од км 130+032 до км 146+024 со придружни

објекти: железничка станица и објект за ССТТ во Жабени и стојалиште во Кравари без изместување на постојните инсталации без позајмишта и без депонии.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-189/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
16.02.2015 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбите со опасноста од заразни заболувања во поплавените подрачја во Општина Битола и идни превентивни мерки

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбите со опасноста од заразни заболувања во поплавените подрачја во Општина Битола и идни превентивни мерки, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 16.02.2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-197/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.02.2015 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 16.02.2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување на Информацијата за состојбите со опасноста од заразни заболувања во поплавените подрачја во Општина Битола и идни превентивни мерки

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за состојбите со опасноста од заразни заболувања во поплавените подрачја во Општина Битола и идни превентивни мерки.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-189/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
16.02.2015 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување на Оперативниот План и Програма за спроведување на превентивна систематска дератизација на канализациониот систем и јавната депонија Мегленци и диви депонии во Општина Битола за 2015 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Оперативниот План и Програма за спроведување на превентивна систематска дератизација на канализациониот систем и јавната депонија Мегленци и диви депонии во Општина Битола за 2015 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 16.02.2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-197/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.02.2015 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 16.02.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Оперативниот План и Програма за спроведување на превентивна систематска дератизација на канализациониот систем и јавната депонија Мегленци и диви депонии во Општина Битола за 2015 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Оперативниот План и Програма за спроведување на превентивна систематска дератизација на канализациониот систем и јавната депонија Мегленци и диви депонии во Општина Битола за 2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-189/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
16.02.2015 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Оперативниот План и Програма за контрола и уништување на комарците на територија на Општина Битола за 2015 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Оперативниот План и Програма за контрола и уништување на комарците на територија на Општина Битола за 2015 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 16.02.2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-197/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.02.2015 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 16.02.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Оперативниот План и Програма за контрола и уништување на комарците на територија на Општина Битола за 2015 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Оперативниот План и Програма за контрола и уништување на комарците на територија на Општина Битола за 2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-189/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
16.02.2015 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

*Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/02) , а во врска со член 50 став 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на Република Македонија" бр.90/2009, 188/2013) Градоначалникот на Општината Битола го донесе следното*

***Р Е Ш Е Н И Е***

***за назначување на лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција***

*1. Се назначува* ***Слободан Бончаноски,Секретар на општина Битола*** *за лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција во Општината Битола и самостојно ги превзема мерките од член 50 став 5 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.*

*2. Решение влегува во сила со неговата конечност и истото ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Битола,,.*

***О б р а з л о ж е н и е***

*Согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола,Градоначалникот има обврска да назначи лице кое ќе известува за неправилности и сомнежи за измама или корупција во општината Битола, а со цел да се спречи ризикот од неправилности и измами и преземање на дејства против неправилностите и измамите.*

*Лицето кое е определено да известува за неправилности и сомнежи за измами и корупција е должно за неправилностите кои ќе ги утврди, да презема мерки и за тоа да ги известува Јавното обвинителство на Република Македонија, Министерството за финансии - Управата за финансиска полиција и Финансиската инспекција на јавниот сектор, а во рок од 15 дена за преземените мерки во писмена форма го известува лицето кое укажало на*
*неправилности или измами, освен во случај на анонимна пријава.*

*Имајќи го во предвид наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.*

***Упатство за правно средство:*** *Протие ова решение може да се поднесе жалба преку Градоначалникот на Општината Битола до Комисијата на Агенцијата за администрација за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници , во рок од 15 дена на приемот на решението.*

***Бр. 08-*** 851/1

*20.01.2015.*
*Битола*

***Градоначалник***
***на Општината Битола***
*д-р Владимир Талески*

# С О Д Р Ж И Н А

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на член во Комисијата за проценка на штети од елементарни и други непогоди ........................ 13

О Д Л У К А за доделување финансиска помош за настраданите од поплавите на подрачјето на Општина Битола ........................... 14

О Д Л У К А за определување на трошоци за вршење увид во настрадните подрачја во Општина Битола и надоместок за членовите на Комисијата за проценка на штети ................. 14

О Д Л У К А за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на одобрение за градење за изградба на железничка пруга Битола-Кременица од км 130+032 до км 146+024 со придружни објекти: железничка станица и објект за ССТТ во Жабени и стојалиште во Кравари без изместување на постојните инсталации без позајмишта и без депонии.................................................................. 15

З А К Л У Ч О К за усвојување на Информацијата за состојбите со опасноста од заразни заболувања во поплавените подрачја во Општина Битола и идни превентивни мерки .................................................................... 16

З А К Л У Ч О К за усвојување на Оперативниот План и Програма за спроведување на превентивна систематска дератизација на канализациониот систем и јавната депонија Мегленци и диви депонии во Општина Битола за 2015 година ......................... 17

З А К Л У Ч О К за усвојување на Оперативниот План и Програма за контрола и уништување на комарците на територија на Општина Битола за 2015 година ......................... 17

Р Е Ш Е Н И Е за назначување на лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција............................................................. 18

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211